**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОСНОВЕН СУД СТРУГА**
**СУ.бр. 258/23**
**26.12.2023 година**
**С т р у г а**

Врз основа на член 88 став 3 од Законот за судовите (Службен весник на Република Македонија бр.58/06, 62/06, 35/08,150/10 и 83/18) во врска со член 112 и 113 од Судскиот деловник (Службен весник на Република Македонија бр.66/13, 114/14) Претседателот на Основниот суд во Струга, Ифет Бајрамоски, по претходно прибавеното мислење од Седницата на судиите, на 26.12.2023 година, го утврди следниот:

# Р А С П О Р Е Д

## За работите во Основниот суд Струга за 2024 година

**Претседателот на судот Ифет Бајрамоски** ќе ја обезбедува непосредната примена на Судскиот деловник, ќе презема непосредни мерки за одстранување на слабостите и пропустите во работењето, ќе се грижи за уредно, ефикасно и ажурно вршење на работите на судската управа, изготвување, доставување и постапување по одлуките од работите на судската управа, ги испитува причините заради кои во определен рок не е закажана главна расправа, или рочиште за главна расправа или е пречекорен рокот за изрекување, објавување и изработка на одлуката и превзема соодветни дејствија за одстранување на причините за тоа. Ќе постапува по предметите со ознака ЗАВ, ЗАВ1, РВПП, О, О1, вонпарнични предмети со ознака „ВПП" основ: составување на тестамент, предмети од меѓународна правна помош, по предметите ЕК, ЗАМ-К, ЗАМ-С, ПОМ, ПОМ-сек, ЗАВ-Х, СПИ, ЗАВ-С, предметите од „КР" уписникот, односно ќе ги потпишува уверенијата и потврдите кои произлегуваат од кривичната, односно казнената евиденција, како и по предметите согласно неговите надлежности кои произлегуваат од Законот за извршување со ознака ИДС кои се однесуваат на издавање дозвола за превземање на дејствие во стан на должник, како и предметите со ознака ППНИ основ: барање за одлагање на извршување, ќе прима странки, ќе врши кореспонденција, соработка со надлежните органи и организации, ќе го усогласува процесот на работа во судот и ќе врши надзор над работењето на нотарите во оставинските предмети.

**За заменик на Претседателот на судот** се одредува судијата **Соња Ѓонческа**, кој во одсуство на Претседателот ќе ги извршува сите погоренаведени работи, кои се во надлежност на Претседателот.

Работата во судот ќе се врши во **специјализирани судски оддели**, во рамките на кривичната и граѓанската област.

**Во кривичниот оддел** ќе се постапува по сите кривични предмети против полнолетни и малолетни сторители, дејствија во претходна постапка и замолници во кривичната постапка.

**Советот** согласно член 25 став 5 од Законот за кривичната постапка, советот за малолетници, односно советот во прекршочна постапка ќе го сочинуваат:

-Претседателот на судот **Ифет Бајрамоски** ќе постапува како Претседател на советот;

-Судијата **Танче Петрески** -член, и

-Судијата **Соња Ѓонческа** -член,

Во случај на спреченост и за време на годишните одмори советот може да биде составен од присутните судии во Основен суд Струга.

За судии во кривичниот совет од петмина се определуваат судиите:

-Судија Светлана Попоска

-Судија Вулнет Винца

-Судија Надица Митреска

Кривичните предмети против полнолетни сторители, поведени по службена должност и приватни тужби, се распоредуваат за работа кај судиите **Вулнет Винца**, **Јордан Јованов и Надица Митреска** по електронски пат преку автоматска распределба на предметите според времето на приемот во судот, при што да се има во предвид одредбата од член 30 во врска со член 38-а од Законот за судови, односно судиите Јордан Јованов и Надица Митреска ќе постапуваат во кривичните предмети за кривични дела за кои со закон како главна казна е определена казна затвор до 5 - пет години.

Во случај овие судии да бидат спречени да постапуваат (подолго отсуство од работа, изземање и сл.), со вклучување на системот на автоматска распределба, ќе постапуваат останатите судии и тоа:

- Танче Петрески
- Соња Ѓонческа

Во одделот за малолетници ќе постапува **Судијата Светлана Попоска** согласно Законот за правда за децата (Службен весник на РМ бр. 148/13) и тоа **како судија за деца кој ја спроведува подготвителната постапка, донесува одлуки во врска со член 86 од споменатиот закон, претседава со советот за деца** и врши други работи определени со овој закон. Судијата ќе постапува во прекршочните предмети против малолетни сторители „ПРК-М". Судијата **Светлана Попоска** ќе постапува во истражниот оддел како **судија на претходна постапка** и тоа во работно време и вон работно време.

Заменик на судијата **Светлана Попоска** во одделот за малолетници, како и на претходна постапка во нејзино отсуство и во случај на спреченост (изземање), ќе биде судијата **Соња Ѓонческа**.

Надлежен судија поединец кој ќе врши оцена на поднесен обвинителен акт за кривично дело за кое е предвидена казна затвор до 10 години и кој ќе постапува по поднесениот приговор против тој акт ќе биде судијата **Соња Ѓонческа,** а негов заменик судијата **Танче Петрески.**

Советот за оцена на поднесениот обвинителен акт за кривично дело за кое е предвидена казна затвор од 10 години или потешка казна ќе го сочинуваат:

-Претседател на советот ќе биде судијата за испитување на обвинителниот акт **Соња Ѓонческа**, а негов заменик ќе биде судијата **Ифет Бајрамоски**,

-Членови на советот ќе бидат:

- Судијата **Ифет Бајрамоски,** а негов заменик **Светлана Попоска**
- Судијата **Танче Петрески**, а негов заменик судијата **Светлана Попоска**.

По посебните истражни мерки (ПИМ) ќе постапува судијата **Светлана Попоска**, а во нејзино отсуство и во случај на спреченост, ќе постапува судијата **Вулнет Винца**.

**Во одделението за прекршоци**, по прекршочните предмети ќе постапуваат судиите **Вулнет Винца, Јордан Јованов и Надица Митреска,** а распределувањето на овие предмети по судии ќе се врши по електронски пат преку автоматска распределба на предметите според времето на приемот во судот.

**За вршење дејствија во прекршочна постапка вон работното време, судиите дежураат по следниот редослед:**

| | | |
|---|---|---|
| 1-ви, 2-ри, 3-ти, 4-ти, 5-ти, | Вулнет Винца | [redacted] |
| 6-ти, 7-ми, 8-ми, 9-ти, 10-ти, | Јордан Јованов | [redacted] |
| 11-ти, 12-ти, 13-ти, 14-ти, | Ѓонческа Соња | [redacted] |
| 15-ти, 16-ти, 17-ти, 18-ти, | Пајтим Машкули | [redacted] |
| 19-ти, 20-ти, 21-ви, 22-ри, | Петрески Танче | [redacted] |
| 23-ти, 24-ти, 25-ти, 26-ти, | Надица Митреска | [redacted] |
| 27-ми, 28-ми, 29-ти, 30-ти, 31-ви | Попоска Светлана | [redacted] |

**Во случај на спреченост на некој од дежурните судии вон работно време ќе го замени наредниот судија определен во распоредот, откако судијата кој е спречен задолжително ќе го извести Претседателот на судот.**

Судијата **Светлана Попоска** ќе постапува во **одделот за извршување на санкции** и тоа по предметите за извршување на санкции, водење судски надзор во извршувањето на санкциите, во однос на постапувањето со осудените лица и во остварувањето на нивните права и обврски. Во случај на отсуство на судијата Светлана Попоска и нејзина спреченост (изземање), по предметите ќе постапува судијата **Вулнет Винца.**

**Во граѓанскиот оддел** ќе се постапува по парничните предмети, во спорови од работните односи, во спорови од мала вредност, во трговските (стопанските) спорови, по платните налози и вонпарничните предмети со основ предлог за обезбедување на докази и привремени мерки.

Во граѓанскиот оддел по парничните предмети, сопственички, надоместоци, владетелски, статусни спорови, во споровите од работни односи, во споровите од мала вредност, по приговори против платните налози и во трговските (стопанските) спорови запишани во уписниците МАЛВП, П-ПОВ, П1, МАЛВТС, П2, РО, П3, П4, ТС, ТС1, РП, ПЛ1-П, ПЛ1-ТС, РПЛ, ќе постапуваат судиите **Танче Петрески, Соња Ѓонческа и Пајтим Машкули,** а распределувањето на предметите по судии ќе се врши по електронски пат преку автоматска распределба на предметите според времето на приемот во судот, при што да се има во предвид одредбата од член 30 во врска со член 38-а од Законот за судови, при постапувањето на судијата Пајтим Машкули.

*Судијата **Вулнет Винца** ќе постапува во предметите од граѓански оддел во ситуација кога судиите Танче Петрески и Соња Ѓонческа ќе бидат спречени да постапуваат (изземање и слично), како и во предметите од кривичен оддел во кој постапуваат судиите Јордан Јованов, односно Надица Митреска во ситуација кога овие судии ќе биде спречени да постапуваат (изземање и слично).*

Надлежен судија кој ќе постапува по предметите заведени во уписникот П5, во врска со примената на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета ќе биде судијата **Соња Ѓонческа,** а во случај на негово отсуство, односно спреченост, ќе постапува **судијата Танче Петрески.**

**Во вонпарничното одделение** судијата **Пајтим Машкули** ќе постапува по предметите запишани во уписниците ПСО, ОДС, ИЗС, ВПП, ВПП1, ВПП2, освен предметите со ознака „ВПП" основ составување на тестамент, а распределувањето на овие предмети ќе се врши по електронски пат преку автоматска распределба на предметите според времето на приемот во судот. Во случај на спреченост, односно изземање на судијата **Пајтим Машкули**, по предметите ќе постапува судијата **Вулнет Винца.**

Во случај овие судии да бидат спречени да постапуваат (подолго отсуство од работа, изземање и сл.), со вклучување на системот на автоматска распределба, ќе постапуваат останатите судии и тоа:

- Соња Ѓонческа
- Танче Петрески

Судијата **Соња Ѓонческа** ќе постапува во предметите запишани во уписниците СТ, СТС, СТ-Малв П, СТ П1, СТ-П4, СТ -ПЛ1 ТС, СТ-РО, СТ-ТС. Истиот судија ќе постапува и по предметите заведени по изјавен приговор за незаконитости при извршувањето, односно обезбедување и спроведување на побарувања, запишани во уписниците ППНИ, ИПК и ПИ, во врска со примената на Законот за извршување. Во случај на спреченост, односно изземање на судијата **Соња Ѓонческа**, по предметите ќе постапува Претседателот на судот **Ифет Бајрамоски.**

Судијата Танче Петрески се опредлува како судија задолжен за судската практика на судот.

Предметите на нотарите ќе се доделуваат рамномерно според азбучен редослед на презимињата на нотарите и тоа:

1. Алиу Неѓми
2. Ѓурчиноски Сашо
3. Кадриу Беса
4. Кипаризовска-Крстевска Анита
5. Мухареми Генци

По **жалби на решенијата на стечајниот судија** ќе постапува **Стечајниот совет** во состав:
Судија Соња Ѓонческа -Претседател на Советот
Судија Танче Петрески -член на Советот
Судија Светлана Попоска-член на Советот

По повод **приговор поднесен против решение за признавање на странска судска одлука, како совет** ќе постапуваат судиите:
Судија Соња Ѓонческа -Претседател на Советот
Судија Танче Петрески -член на Советот
Судија Светлана Попоска -член на Советот

По потреба во итни случаи и поради спреченост да постапуваат членовите на стечајниот совет, односно советот кој одлучува по повод приговор против решение за признавање на странска пресуда, истиот може да се формира од останатите судии во судот.

Судскиот службеник Александар Милошоски се задолжува секој работен ден во 14,00 часот, да ја врши автоматската распределба и прераспределба на предметите во парничната писарница, а во негово отсуство од работа, се задолжува судскиот службеник Елмедина Незири.

Судскиот службеник Љубица Тодоровска се задолжува секој работен ден во 14,00 часот, да ја врши автоматската распределба и прераспределба на предметите во кривичната писарница, а во негово отсуство од работа, се задолжува судскиот службеник Хамиде Мена.

Судскиот службеник Мусо Мехмедоски се задолжува секој работен ден во 14,00 часот, да ја врши автоматската распределба и прераспределба на предметите кои му се доверени согласно распоредот донесен од страна на Судскиот администратор, а во негово отсуство од работа, се задолжува судскиот службеник Фемије Положани.

Судскиот службеник Јана Ническа се задолжува секој работен ден во 14,00 часот, да ја врши автоматската распределба и прераспределба на предметите во писарница за платни налози, писарница за извршување и вонпарничната писарница, а во негово отсуство од работа, се задолжува судскиот службеник Лејла Черменика.

Судскиот службеник Фемије Положани се задолжува секој работен ден во 14,00 часот, да ја врши автоматската распределба и прераспределба на предметите во прекршочната писарница, а во негово отсуство од работа, се задолжува судскиот службеник Лејла Черменика.

## РАСПОРЕД НА КАНЦЕЛАРИИИ САЛИ ЗА СУДЕЊЕ

Судиите **исклучиво ќе судат во судниците** облечени во тоги, според следниот распоред:

Судијата Танче Петрески ќе суди во **судница бр.25,**

Судиите Вулнет Винца и Надица Митреска, по претходен договор ќе судат во **судница бр.15,**

Судијата Јордан Јованов ќе суди во **судница бр.17,**

Судијата Светлана Попоска ќе суди во **судница бр.12,**

Судијата Соња Ѓонческа ќе суди во **судница бр.21,**

Судијата Пајтим Машкули ќе суди во судница бр.**26,**

Судијата Вулнет Винца и Надица Митреска по претходен договор прекршочните предмети ќе ги судат во **канцеларија број 19 (кат I).**

Судницата во која суди судијата Јордан Јованов (број 17), во договор со судијата, можат да ги користат другите судии и судски соработници.

Судиите за увид на лице место ќе земаат како записничар **исклучиво дактилограф** кој е по распоред со судијата, а во деновите кога немаат дактилограф, соработник, односно приправник кој е распореден кај судијата.

Останатите вработени на одделенијата нема да излегуваат на лице место со судија како записничари, со цел да се избегнат проблем во процесот на работењето во писарницата-одделите.

Примањето на странки и други лица кои не се повикани во одредено време во судот заради **разгледување на списи, издавање на уверенија и барање на известувања** ќе се врши секој работен ден во периодот **од 10,00 до 14,30 часот**.

Согласно потребата и условите за работа, претседателот на судот може да изврши измена на начинот и времето за прием на странки во судот.

Обезбедувањето на судската зграда, имотот, лицата и одржувањето на редот во судот ќе го извршуваат судските полицајци Арбен Винца, Никола Шулески, Сашо Далчески и Енис Хани.

Конкретните задолженија за начинот на спроведување на безбедноста и редот ќе бидат определени од Претседателот на судот, кој воедно ќе врши контрола на нивното извршување.

**Судската полиција не смее да дозволува влегување во судската зграда на странки за време на дневниот одмор, дури ни за лица кои одат во Јавното обвинителство или правобранителство, освен во случаи кога се повикани со покана или по одобрение на Претседателот на судот.**

**Одговорен на судската полиција** ќе биде судскиот полицаец **Сашо Далчески.**

**СУДИИТЕ НЕМА ДА ПРИМААТ СТРАНКИ, ОСВЕН ВО СЛУЧАИТЕ КОГА ИСТИТЕ ЌЕ БИДАТ ПОВИКАНИ СО ПОКАНА.**

**СУДИИТЕ СЕ ДОЛЖНИ ДА ГО ИЗВЕСТУВААТ ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СУДОТ ЗА НИВНАТА ОТСУТНОСТ ОД РАБОТА.**

**Доаѓањето и заминувањето на и од работа, задолжително сите вработени (судии и останатите вработени) имаат обврска да го регистрираат со поминувањето на картичките на апаратот за регистрирање на работното време.**

**Дневниот одмор** ќе трае од 11,00 до 11,30 часот и на оваа пауза да се придржуваат без исклучок сите вработени.

Составен дел на овој распоред е распоредот за работа на судиите во судниците опремени за тонско снимање.

Овој распоред ќе се применува од 01.01.2024 година.

**Претседател на судот**
Ифет Бајрамоски,с.р.